**20150952939**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 35 став 1 алинеја 3 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/10 и 41/14), Во врска со Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Подградец, склучена во Охрид на 25 септември 1999 година и ратификувана со Закон за ратификација на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Подградец („Службен весник на Република Македонија“ бр.30/05), Министерот за внатрешни работи на Република Македонија во согласност со Министерството за финансии – Царинска управа на Република Македонија и утврдената согласност на Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, како надлежен орган на соседната држава донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

I. Се определува привремен граничен премин „Свети Наум“ со цел спроведување на активности што произлегуваат од ратификувана Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Подградец.

### II. МЕСТО НА ЛОЦИРАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

Привремениот граничен премин е лоциран на пристаништето во местото викано Свети Наум - Општина Охрид.

### III. ВРЕМЕ НА РАБОТЕЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

Привремениот граничен премин се утврдува да работи во деновите од 5 јуни 2015 година до 15 октомври 2015 година со работно време од 09 до 19 часот.

### IV. ОБЕМ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

Лицата кои во периодот од дел III на ова решение имаат намера да ја преминат државната граница преку овој привремен граничен премин со себе можат да носат само предмети наменети исклучиво за лична употреба.

Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стоки преку државната граница кои подлежат на плаќање царина, данок или други давачки.

### V. НАЧИН НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши од страна на лица кои се наоѓаат на списокот со податоците за членовите на екипажот и патниците кои се наоѓаат на пловниот објект за крстосување.

VI. УСЛОВИ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин потребно е лицето да поседува валиден патен документ издаден согласно националното законодавство од надлежен државен орган со кој може да се утврди неговиот идентитет, како и да ги исполнува услови те утврдени со закон за влез и излез од територијата на Република Македонија.

VII. ТРОШОЦИ

Трошоците за определување и работење на привремениот граничен премин се на товар на Буџетот на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

VIII. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Министерство за
финансии
Царинска управа
Директор,
**Наташа Радеска-Крстевска**, с.р.

Министерство за
внатрешни работи
Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков**,с.р.

Бр. 13.1-36222/1
4 јуни 2015 година
Скопје